Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП ,,ПАЗАРИ''-ПРИЛЕП ЗА ПЕРИОД ОД 01.04.2019 ГОДИНА ДО 30.06.2019 ГОДИНА**

1. Одлуката за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Пазари''-Прилеп за период од 01.04.2019 година до 30.06.2019 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-3088/9
10.09.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 10.09.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Пазари''-Прилеп за период од 01.04.2019 година до 30.06.2019 година

член 1

Се дава согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Пазари''-Прилеп за период од 01.04.2019 година до 30.06.2019 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈКП ,,Пазари''-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-3086/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.09.2019 година на Совет на Општина Прилеп
П р и л е п м-р Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА ПУП ПРИЛЕП ЗА ПЕРИОД ОД 01.04.2019 ГОДИНА ДО 30.06.2019 ГОДИНА**

1. Одлуката за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп за период од 01.04.2019 година до 30.06.2019 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-3088/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.09.2019 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 10.09.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп за период од 01.04.2019 година до 30.06.2019 година

член 1

Се дава согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп за период од 01.04.2019 година до 30.06.2019 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈП за ПУП Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-3086/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.09.2019 година на Совет на Општина Прилеп
П р и л е п м-р Миле Талевски

з основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2020 ГОДИНА, НА ЈП ЗА ПУП ПРИЛЕП**

1. Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ЈП за ПУП Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-3088/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.09.2019 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 20-б став 1 алинеа 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/2018, 198/18 и 143/19) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на ден 10.09.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ЈП за ПУП Прилеп

член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година,на ЈП за ПУП Прилеп.

член 2

Одлуката да се достави до ЈП за ПУП Прилеп, Градоначалникот, архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

| | |
|---|---|
| Број 09-3086/12 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 10.09.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈОУ ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА ,,КИРО КРСТЕСКИ-ПЛАТНИК''-ПРИЛЕП ЗА ПЕРИОД ОД 01.04.2019 ДО 30.06.2019 ГОДИНА**

1. Одлуката за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп за период од 01.04.2019 до 30.06.2019 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-3088/12 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 10.09.2019 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а во врска со член 222 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РМ" бр. 79/0, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 33/15, 72/15, 104/15 и 150/15) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.09.2019 година, донесе:

**ОДЛУКА**

за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп за период од 01.04.2019 до 30.06.2019 година

член 1

Се дава согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп за период од 01.04.2019 до 30.06.2019 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник'' Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

| | |
|---|---|
| Број 09-3086/13 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 10.09.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТОКОТ И ЗАВРШЕТОКОТ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА ЈОУДГ ,,НАША ИДНИНА''ПРИЛЕП**

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ ,,Наша иднина''Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-3088/13
10.09.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 67 точка 6 од Законот за заштита на децата (''Сл.весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.09.2019 година, донесе:

**ОДЛУКА**
за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ ,,Наша иднина''Прилеп

член 1

Се давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ ,,Наша иднина'' Прилеп, бр.02-143/2 од 20.06.2019 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈОУДГ ,,Наша иднина'' Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-3086/14
10.09.2019 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
м-р Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП,,КОМУНАЛЕЦ''ПРИЛЕП**

1. Решението за разрешување и именување на член во Управниот одбор на ЈКП,,Комуналец''Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-3088/14
10.09.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/2002), член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 ), член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008 ) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 10.09.2019 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и именување на член во Управниот одбор на ЈКП,,Комуналец''Прилеп

1.Со ова Решение се разрешува Тони Димоски од член во Управниот одбор на ЈКП,,Комуналец''Прилеп врз основ на негова неотповиклива оставка бр.09-2540/1 од 22.07.2019 година.

2.За член во Управниот одбор на ЈКП,,Комуналец''Прилеп се именува Борис Варошаноски, и мандатот на именуваниот трае до истекот на мандатот на именуваните членови на УО на ЈКП,,Комуналец''Прилеп согласно решение 35–2484/11 од 14.12.2017 година.

3.Решението да се достави до разрешениот и именуваниот, ЈКП

,,Комуналец’’Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 09-3086/15 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 10.09.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ГРАЃАНСКА ВКЛУЧЕНОСТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-3088/15 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 10.09.2019 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

*ДА СЕ УЧИ ДА СЕ ЖИВЕЕ ЗАЕДНО*
*КОЛКУ ПОВЕЌЕ РАЗЛИЧНОСТ, ТОЛКУ ПОУБАВО-ПОГОЛЕМА РАЗЛИЧНОСТ*
*Е ЕДНАКВО НА ПОВЕЌЕ ИДЕИ!*

***<u>СТРАТЕГИЈА</u>***
***<u>ЗА</u>***
***<u>МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА</u>***
***<u>ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ГРАЃАНСКА ВКЛУЧЕНОСТ</u>***
***<u>НА ОПШТИНА ПРИЛЕП</u>***



**Листа на кратенки**

***БРО*** – Биро за развој на образованието
***ДПИ*** – Државен просветен инспекторат
***ЕУ*** – Европска Унија
***ИКРУ*** – Индикатори за квалитетот на работата на училиштето
***МИО*** – Меѓуетничка интеграција во образованието
***МОН*** – Министерство за образование и наука
***НВО*** – Невладина организација
***СР*** – Совет на родители
***РМ*** – Република Северна Македонија
***ЦСОО*** – Центар за стручно образование и обука
***УО*** – Училиштен одбор
***ОПМП***-Општински план за мерење на постигањата

# 1. ВОВЕД

Училиштата се први институционални форми на однесување со кој личноста се среќава во животот и со помош на кој учи односи за сложените состави на општествените, стопанските и културните институции во кои ќе учествува во текот на животниот век.Општина Прилеп се залага да обезбеди сеопфатно,интегрирано и инклузивно образование насочено кон ученикот,со современи програми што овозможуваат идните генерации да се стекнат со клучните знаења,вештини и ставови, согласно потребите на демократското општество,пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошки амбиент.
Училиштата заради мултикултурниот карактер на нашето општество треба да покажат посветеност на:

- почитување на етничката и културната различност;
- промовирање на општествената кохезија засновани на заедничкото учество на етнички и културно различни народи;
- зголемување на еднакви можности за сите поединци и групи, и
- олеснување на конструктивните општествени промени што го подобруваат човечкото достоинство и демократските идеали.

- Реформите во образованието не опфаќаат само подобрување на академските знаења туку и учење коешто помага учениците да се подготват да живеат во мултикултурно општество и тоа е нагласено како во многу меѓународни документи (УНЕСКО, УНИЦЕФ, Совет на ЕУ), така и во официјалните документи на Владата на Република Северна Македонија и образовните институции: Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (МОН и БРО, 2007); Индикатори за квалитетот на работата на училиштата (МОН и ДПИ, 2015); Основни професионални компетенции и стандарди за наставници, Основни професионални компетенции и стандарди за стручни соработници и Професионални компетенции за директори на основни и средни училишта.

Воведувањето на активности за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост во образованието претставува придонес за напредок и развој на личноста. Личноста ги прифаќа другите без предрасуди и ефективно комуницира со припадници на други култури, животни стилови и способности. Учењето и развојот значи спротивставување со нови и непознати нешта, кои треба да се сфатат и интегрираат. Ова важи како за индивидуата така и за групите. Интеграцијата не треба да значи ние да станеме како другите или другите да станат како нас, интеграцијата значи развој.

- Општина Прилеп во соработка со училиштата е посветена да креира своја политика за промовирање на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на младите, планира активности според карактеристиките на самите училишта. Во рамките на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието ќе се промовира интеракцијата и социјализацијата меѓу учениците од различните заеници/наставни јазици и во училиштата каде наставата се изведува се на повеќе наставни јазици.
- Кога учениците учествуваат во заеднички активности, тие имаат можност за непосредна комуникација и меѓусебен контакт, меѓусебно запознавање и формирање интерперсонални релации, учење едни за други едни од други и за намалување на негативните стереотипи и предрасуди за другите. Во активностите за граѓанска вклученост на младите, тие ќе бидат насочувани и подржувани да идентификуваат конкретни проблеми во училиштето и заедницата. Потоа, врз основа на нивните заеднички одлуки, младите ќе преземаат иницијативи за акции со цел да се придонесе кон решавање на постоечките проблеми и недостатоци на ниво на училиште и заедница.

- Имајќи ја предвид мултиетничката структура на населението во општина Прилеп_, воедно и во образовниот систем, општина Прилеп ќе негува политики на константно унапредување на соработката во подрачјето на меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанската вклученост на младите во пошироката заедницата во РСМ.

- : Учениците во општина Прилеп учествуваат во заеднички наставни активности преку заеднички часови, и/или во истражувачки проекти, заеднички вonнаставни и слободни ученички активности, како што се: екскурзии, секции, театарски претстави, креативни работилници, спортски игри итн.

- Процесот на подготовка на Стратегијата е воден од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО).

***1.1 .Цел на Стратегијата***

Личноста да стекнува умеење да анализира локални, глобални и меѓукултурни теми; да се разбираат и прифаќаат различни перспективи и погледи на светот; да се комуницира со другите со почитување и да се превземаат одговорни акции кои водат кон одржливост и колективна добробит.

- ***Општината ќе се стреми за целосна соработка за МИО и граѓанска вклученост на младите, преку:***

- изработка на општински акционен план за активности за МИО и граѓанска вклученост на младите, заснован на елементите од годишните планирања на училиштата;
- финансиска ,материјална и логистичка поддршка за училиштата во делот на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите;
- формирање општинска комисија за планирање, учество во реализацијата и следење на реализацијата на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите;
- активно вклучување на вработените од одделни сектори и одделенија, особено од одделението за образование;
- соработка со тимовите за училишна интеграција од основните и средните општински училишта, претставниците од Училишните одбори, Советите на родители и локалната заедница;
- соработка со невладините организации од сферата на интеркултурното образование, меѓуетничката соработка и разни акции во заедницата;
- соработка со клучните образовни институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО);
- соработка и размена на искуства со други општини;
- информирање на јавноста за активностите за МИО преку користење на содржините од веб-страницата на општината, локални и национални електронски медиуми;
- организирање кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од меѓуетничко интегрираното образование и граѓанската вклученост на младите во општеството;
- координирање процес за воспоставување на партнерства меѓу училиштата за реализирање активности за меѓуетничка интеграција;
- поттик и поддршка за креирање мрежа на училиштата во општината и/или во соработка со други општини за реализирање на меѓучилишна и меѓуопштинска соработка во доменот на меѓуетничка интеграција и граѓанската вклученост на младите.

1.2 Методологија

- Стратегијата е подготвена со активната вклученост на претставници од општините во обуките за МИО и преку менторска поддршка и директни посети и дискусии со претставници на општина _Прилеп 2019 г. во период до 2024 година.

- Во кои реализирани обуки и активности учествувале општинските претставници одговорни за образование за МИО?

Во обуки за поддршка на училишните тимови од основните и средните училишта од општината и улогата на тимовите и потребата од меѓуетничка интеграција,почнувајќи од проектот МИО,а продолжувајќи со МИМО.

-

***1.3 Принципи на МИО на ниво на општина***

- ***Заемна доверба и партнерство***
-

**Општина Прилеп**

Довербата и партнерството се гради од страна на голем опфат на заинтересирани страни,вклучувајќи ги и јавните тела,здруженија на граѓани ,социјалните партнери и заедницата на развојни партнери,се со една единствена цел да се постигнат заедничките цели и да се јакне интересот на учениците и граѓаните.

- ***Учество и размена на мислење***

Кога знаење се споделува ,тоа се умножува.Засилена имплементација на комплексниот и модерен систем на човечки ресурси со континуиран дијалог за образовна политика на национално ниво.

- ***Транспарентност***

Развивање систем за предвидување на потребите од вештини и развивање и операционализирање на информатичкиот систем на пазарот на трудот со навремено информирање на јавноста,воведување на флексибилен и ефикасен систем за инситуционализирано социјално партнерство.

- ***Одговорност***
- Внимателно дефинирање на приоритетните области на кои треба да се обрне внимание во временскоит период за изработка на стратегијата  со цел да се исполни критериумот за кредибилност
- ***Еднакви можности***

  надминување на поделбата по етнички линии во училиштата и сегрегацијата во училиштата да влијае на општествената  кохезија и интеретничка интеграција.

### 1.4 Целни групи

- Оваа стратегија ги вклучува општините, училиштата, родителите, како и граѓанските организации, локалните бизниси и секако граѓаните на општина Прилеп.
-

### 1.5 Временска рамка

- Временската рамка за спроведување на Стратегијата е 5 години и таа ќе се спроведува од 2019 до 2024 година. Во акциониот план, како составен дел на Стратегијата, подетално се определени роковите за реализација на планираните активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

## 2. ЗАКОНСКА РАМКА И МОЖНОСТИ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

2.1 : Меѓуетничката интеграција во образованието во стратешките документи на РСМ

Република Северна Македонија е потписник на следните меѓународни документи коишто се однесуваат на човековите права, правата на детето, како и граѓанските права:

- Член 26 од Универзалната декларација за човекови права;
- Член 27 од Меѓународен пакт за граѓански и политички права;
- Членовите 28, 29, 30 од Конвенцијата за правата на детето; Член 5 од Конвенцијата на УНЕСКО против дискриминација во образованието;
- Ставките 34 и 35 од Документот од состанокот во Копенхаген од Конференцијата за човекова димензија на ОБСЕ;
- Членовите 2 и 4 од Декларацијата на ОН за правата на лицата кои припаѓаат на национални или етнички, религиозни и јазични малцинства;
- Членовите 5, 6, 12, 13, 14 и 15 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства;
- Европската повелба на Советот на Европа за регионални и малцински јазици;
- Европската повелба на Советот на Европа за социјална кохезија.

Мултиетничкиот карактер на земјата е дефиниран во Уставот на РМ, во законите за основно и средно образование, како и во Националната стратегија за развој на образованието и Концепцијата за деветгодишно основно воспитно образование.

Мултикултурализмот и разбирањето на „другите“ е еден од четиринаесетте принципи во рамките на Концепцијата за деветгодишно основно образование. Според овој принцип учениците преку наставните содржини, методи и активности треба да стекнуваат знаења и вештини потребни за разбирање и

почитување на „другите“, како и за промовирање на вредностите меѓу учениците - почитување на разликите меѓу луѓето, нивната култура, јазик и традиција.

2.2 Образованието на заедниците согласно Уставот на РМ

- Според Уставот секој има право на образование. Образованието е достапно за сите под еднакви услови. Основното и средното образование се задолжителни и бесплатни. Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразат, негуваат и да го развиваат својот идентитет и националните карактеристики. Република Северна Македонија ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет. Припадниците на заедниците имаат право на настава на својот јазик во основно и средно образование, на начин утврден со закон. Во училиштата каде што наставата се изведува на јазиците на другите етнички заедници, се изучува и македонскиот јазик[1]. Уставот и законите поврзани со образованието содржат одредби со кои се промовира почитување на различните култури, толеранција и недискриминација.

2.3 Мултиетничкиот карактер на РМ во Законот за основно и Законот за средно образование

- Законот за основно образование забранува дискриминација врз основа на пол, раса, боја на кожа, национална, социјална, политичка или религиозна афилијација или социјален статус во остварување на правото за основно образование. Следното е дел од целите на основното образование: 1) развој на писменост и вештини за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик како и на јазиците на заедниците; 2) образование за заемна толеранција, соработка, почитување на различностите, основните човекови права и слободите.

Законот за средно образование, исто така, не дозволува дискриминации засновани на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба. Според овој закон средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон.

Во рамки на основните професионални компетенции и стандарди за наставниците, стручните соработници и директори, една од шесте компетенции е посветена на областа „Социјална и образовна инклузија“, ставајќи акцент на развојот на мултиетничките надлежности.

2.4 Тематските насоки во Стратегијата на РСМ за интегрирано образование

- Мерките од Стратегијата се поделени во _5 тематски насоки за _сеопфатен пристап на младите во воспитно-образовниот процес.Насоките дадени во тематските подрачја допираат прашања од: демократското владеење во училиштата во децентрализирана средина, заедничките наставни и воннаставни активности, јазичните постигнувања, наставните содржини и учебници, како и обука за наставници за водечките концепти и принципи за надминување на поделбата по етнички и јазични линии во училиштата.

Во Министерството за образование и наука е формирана работна група со одговорност за следење на работата на на конкретните активности во училиштата за меѓуеничка интеграција. Важно е да се напомене дека една од целите на оваа работна група е и да се одбегне преклопувањето на активностите за МИО на терен.

2.5 Вклучени страни во процесот на образование

- *Министерство за образование и наука (МОН)*

Министерството за образование и наука има мисија да го развива образованието и воспитно-образовниот систем во Република Северна Македонија, да ја развива науката, научните достигнувања и иновации преку примена на принципите на квалитет, економичност, граѓанска одговорност и поврзаност со пазарот на трудот. Со примена на овие принципи ќе се овозможи и рамноправно учество на Република Северна Македонија во европските образовни економски и политички интегративни процеси. Министерството за образование и наука има визија да ги промовира вредностите и темелите на квалитетното образование и наука како клуч за подобрување на квалитетот на животот во целокупното општество. Министерството за образование и наука доделува мали грантови за сите училишта во Република Северна Македонија кои ќе аплицираат со активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

[1] Член 44 и Член 48 од Уставот на Република Северна Македонија.

- *Биро за развој на образованието (БРО)*

БРО е орган на управа во состав на Министерството за образование и наука, одговорно за целокупниот образовен развој, вклучувајќи ги и наставните планови и програми. Сите одлуки се носат на централно ниво, иако БРО има свои канцеларии и во поголемите градови. Од 2012 год. советниците на БРО се дел од голем број обуки поврзани со меѓуетничка интеграција во образованието.

- *Државен просветен инспекторат (ДПИ)*

ДПИ е орган на државната управа во состав на Министерството за образование и наука и врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедување на квалитет на образованието, ефективност преку евалуација на работата на воспитно-образовните установи, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието и воспитанието. При утврдување на оценката за квалитетот на воспитно-образовниот процес, во текот на интегралната евалауција, се поаѓа од Индикаторите за квалитетот на работата во училиштата што се пропишани и донесени од страна на Министерството за образование и наука. Индикаторите исто така се користат за вршење на увид на работата на училиштата од аспект на меѓуетничка интеграција во образованието.

- *Центар за стручно образование и обука (ЦСОО)*

ЦСОО е јавна установа во која треба да се усогласуваат и да се интегрираат јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во РМ и е центар кој ја координира соработката со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование и обука. Центарот врши стручни работи од областа на следењето, вреднувањето, проучувањето, унапредувањето, истражувањето и развојот на стручното образование и обука, како и други работи во согласност со Законот, актот за основање и статутот.

- *Државен испитен центар (ДИЦ)*

Надлежностите на ДИЦ се да подготвува национална програма за екстерна евалуација на основното и средното образование согласно европските стандарди; да прибира, обработува и врши анализа на резултатите од тестирањето за проверување на постигањата на учениците во основното и во средното образование; да учествува во подготовка на концепцијата за матура и завршни испити во средното образование; да изготвува тестови за екстерните испити во државната матура; и да врши обука на кандидатите за директори на основни и средни училишта и да го спроведува испитот.

- *Училишни одбори*[2]
- *Давање признание за мобилност и придонес во МИО АКТИВНОСТИТЕ*
- *Донесувавње одлуки во интерес на квалитетен воспитно образовен процес и соживот во училиштето*
- *Донесување план за следење наактивностите на МИО и граѓанска вклученост на ниво на општина*

Училишниот одбор е одлучувачко тело одговорно за управување со училиштето. Составот, надлежностите и задачите на училишниот одбор се определени со Законот за основно образование и статутот на училиштето. Улогата на училишниот одбор во училиштето е да донесува статут на основното училиште; предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината; донесува програма за развој на училиштето; донесува програма за воведување на повисоки стандарди и други програми; предлага финансиски план и завршна сметка и врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште.

▪

▪

▪

- *Училишно раководство (директор и стручната служба)*

Училишното раководство (директорот и стручната служба) се обучени за примена на МИО во училишните активности преку подготовка на годишните планови за работа кои вклучуваат посебен дел за заеднички ученички активности и партнерство со други училишта. На училишното раководство му е неопходен континуиран професионален развој за поголемо успешно управување со човековите и финансиските

[2] Училишниот одбор е составен од: училишниот персонал (менаџментот, стручната служба и наставниците), преставници од општините и од родителите.

ресурси за зајакнување на нивните капацитети за подобро справување со сите обврски на професионален начин.

- Наставници-сензибилизирани и стручни
- Тим за училишна интеграција СИТ-ПРО АКТИВЕН кон МИО активностите
- Максимална ангажираност на Стручните активи како столб на училишниот живот во организирање на заеднички МИО часови со мрежна соработка

Наставниците од сите основни и средни училишта се во фаза на обука како да планираат и да реализираат активности за МИО во рамките на редовната настава како и во воннаставните активности со фокус на заедничките ученички активности. На наставниците и понатаму им е потребна дополнителна поддршка во применувањето на заедничките ученички активности за поттикнување и унапредување на социјализација, пријателство и заедмно прифаќање меѓу учениците.

- *Родители – совет на родители*

Иако родителите можат да учествуваат во секојдневните наставни активности и да бидат партнери на наставникот и училиштето воопшто, нивната вклученост е многу мала. Согласно Законот за основно образование, родителите имаат тројца претставници назначени од советот на родители во училишниот одбор. На тој начин родителите можат да учествуваат во процесот на донесување на одлуки во училиштето за предлагање на годишната програма за работа на училиштето и годишен извештај, изработка на финансиски план, донесувањена статутот на училиштето итн. Ова значи дека вклученоста на родителите во наставните и воннаставните активноста може значајно да придонесе во унапредувањето на меѓуетничката кохезија на учениците од различни заедници/јазици и нивно вклучување во граѓански иницијативи и акции за подобрување на квалитеот на живеење во училиштето, локалната и општествената заедница.

## 3. ОБРАЗОВАНИЕТО НА НИВО НА ОПШТИНА

3.1 Децентрализација во образованието на РСМ

Што се постигна на ниво на општина/локална заедница со процесот на децентрализацијата во образованието? Кои се одговорностите во образовниот систем на централната власт, а кои се одговорностите на општината? ..

Поефикасна администрација,непосреден мониторинг,водење хармонизирани и транспарентни политики за реализација на непречен и квалитетен образовен процес во услови на децентрализирани надлежности.
-Образовниот систем на централната власт треба да ја подобри содржината на основното образование,зголемување на опфатот на ученици и подобрување на инклузивноста и интеретниката интеграција во основното образование,подобрување на услови за учење и квалитетот во остварувањето на образованието,подобрување на капацитетите на човечките ресурси во училиштата и зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното и средно образование.Општина Прилеп ќе се грижи училиштата да спроведуваат политика на позитивно вреднување на мултикултурализмот и општествената кохезијаи промовирање народова,етничка,културнаверска и јазична разновидност во училиштето и во заедницатаи нивно прифаќање.

- Општините треба да влијаат на зајакнување на демократското учество во промовирање на соработка помеѓу образовните институции и локалната заедница.

3.2 Податоци за основни и средни училишта во општината

(Тука секоја општина внесува податоци за бројот на основни и средни училишта, со број на наставници по наставен јазик, како и број на ученици по наставен јазик)

Табела 1. Листа на основни и средни општински училишта

| р.б. | Име на училиштето | Основно / Средно | Град / Село |
|---|---|---|---|
| 1 | СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ | Средно | Прилеп |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | СОУ „Ѓорче Петров“ | средно | Прилеп |
| 3 | СОУ „Орде Чопела“ | средно | Прилеп |
| 4 | СОЕПТУ „Кузман Јосифоски Питу“ | средно | Прилеп |
| 5 | СОУ „Ристе Ристески-Ричко“ | средно | Прилеп |
| 6 | Блаже Конески | Основно | Прилеп |
| 7 | Добре Јованоски | основно | Прилеп |
| 8 | Кире Гаврилоски-Јане | основно | Прилеп |
| 9 | Рампо Левката | основно | Прилеп |
| 10 | Кочо Рацин | основно | Прилеп |
| 11 | Климент Охридски | основно | Прилеп |
| 12 | Гоце Делчев | основно | Прилеп |
| 13 | Кирил и Методиј | основно | Канатларци |
| 14 | Страшо Пинџур | основно | Мало Коњари |
| 15 | Круме Волнароски | основно | Тополчани |

Табела 2. Број на наставници по наставен јазик

| р.б. | Наставен јазик | Број на наставници |
|---|---|---|
| 1 | Македонски | 784 |
| 2 | Албански | / |
| 3 | Турски | 16 |
| 4 | Српски | / |

Табела 3. Број на ученици по наставен јазик

| р.б. | Наставен јазик | Број на ученици |
|---|---|---|
| 1 | Македонски | 9662 |
| 2 | Албански | / |
| 3 | Турски | 196 |
| 4 | Српски | / |

3.3 Советот на општината

- Советот на општината е основач на училиштата и тој ги донесува годишните програми и годишните извештаи на училиштата. Членовите на советите во општините, преку соодветните комисии за образование, по правило имаат континуиран мониторинг, вклучувајќи го и периодот кога се донесуваат годишните програми и извештаи на училиштата.

**Во рамките на своите надлежности, советот на општината:**

- ги именува и ги разрешува претставниците во училишните одбори,
- го разгледува и го усвојува годишниот извештај за работата на училиштето,
- ја разгледува и ја усвојува годишната програма за работа на училиштето,
- го разгледува и го донесува годишниот финансов план на училиштето,
- ја разгледува и ја усвојува завршната сметка на училиштето,
- може до ДПИ да достави барање за вонредна интегрална евалуација и екстерно проверување и оценување на напредокот и постигањата на учениците.

**3.4 Подготовка на наставниците**

Во секое училиште е формиран тим за училишна интеграција (СИТ), чии членови преку различни обуки стекнаа знаења и вештини за спроведување на активностите за МИО со учениците. Стекнатите знаења и вештини, тимовите за училишна интеграција ги дисеминираа во училиштата, и со тоа сите наставници од сите основни и средни училишта во Република Северна Македонија се обучени да планираат и да спроведуваат активности за меѓуетничка интеграција во редовната настава и во воннаставните активности

## 4. АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МИО

### *4.1 .Наставни и вонннаставни активности*

Општината ќе поддржува заеднички наставни активности (заеднички часови) со ученици од различни наставни јазици според планиран обем и разновидност што ќе произлезе од донесените годишни програми на основните училишта, а ќе се однесуваат на МИО во делот на одржување на заедничка настава. Заедничките часови по одредени предмети со ученици од различни наставни јазици/заедници може да се одржуваат исклучиво со претходно обучување од ментори/експерти на наставниците за реализација на овој посебен вид на настава.

- Општината ќе поддржува вонннаставни активности според планиран обем и разновидност што ќе произлезе од донесените годишни програми на основните училишта, а ќе се однесуваат на МИО во делот на секции, екскурзии, натпревари, приредби, мултикултурни работилници, уметнички изведби активности на ученичките заедници, граѓански иницијативи и акции и друго.

### *4.2 . Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците*

Општината развива систем на организација на заеднички активности за МИО, преку организирани меѓуучилишни средби на повеќејазичните и еднојазичните училишта, на кои се споделуваат искуства, се стекнуваат нови познанства, се планираат заеднички наставни и вонннаставни активности. Општината ќе се грижи за подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците, особено преку вклучување на наставници, родители и постојано зголемување на бројот на ученици од мешан етнички состав во вонннаставните активности.

### *4.3 . Размена на искуства и информации при планирање*

Општината ќе организира заеднички средби на стручните активи од основните училишта со цел да се разменат искуства и да се споделат информации при планирањето на заеднички наставни и вонннаставни активности – интегрирани активности. Посебен акцент се дава на организирањето на заеднички часови, заеднички секции, екскурзии и приредби. Општината ќе поддржи консултативни и организациони средби со ментори/експерти за планирање на наставата, активности за МИО и сл.

### *4.4 . Утврдување на образовните потреби на учениците*

Општината ќе поддржи активности за обезбедување посебна поддршка на учениците коишто изучуваат различен јазик од мајчиниот преку организирани посети на курсеви за јазик, користење интерактивни техники – компјутерски курсеви, ликовни изложби, разни заеднички настани и меѓусебно дружење во текот на наставата и надвор од редовната настава.

### *4.5 . Поддршка и промовирање на меѓуетнички активности*

Да се наведат училишните активности за МИО на ниво на општина на кои што општината ќе им даде подршка (во согласност со Акциониот план на општината)

### *4.6.Обука за нов.раб со базична обука на МИМО активности*

### *4.7.Иницирање и поддршка за конкурирање на училиштата со проекти за грантови и партнерство со НВО*

2.Еднојазичните училишта ќе обезбедат заеднички активности само во соработка со партнер училиште со друг наставен јазик,преку непосреден контакт или преку аудио-видео врски.

3.Самостојни активности на училиштата кои ќе придонесат за имплементирање на меѓуетничката интеграција.

4.Воведување мултикултура во иконографијата(слики и текстови на ѕидовите)

5.Краткотрајни заеднички активности со учениците(излети,екскурзии,гостувања,прослави)

6.Подолготрајни заеднички вонннаставни активности соучениците(проекти-**секции,мултикултурни работилници)**

8.Усвон анекс на Годишната програма со МИО заложбите вклучени во мисијата и визијата

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО (правата на децата, еднаков и правичен третман на сите ученици, прифаќање и промовирање на мултикултурализмот)

Општината ќе поддржува активности – работилници, средби, предавања и меѓучилишна соработка за запознавање на родителите, и наставниците за почитување на правата на децата согласно Конвенцијата за правата на децата. Општината ќе ги следи механизмите со кои ќе се обезбеди промоција на еднаквоста и правичноста кон децата без разлика на полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите.

**5.1.Општината ќе се грижи училиштата да планираат и да реализираат активности со кои учениците ќе се поттикнуваат на активно слушање, искажување на своето мислење и прифаќање на мислењето на другите во групата, демократско учество во училиштата и на ниво на заедницата, итн.**
**5.2.Општината ќе се грижи училиштата да водат политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата, нивно заемно прифаќање и потпирање.**
**5.3. Општината ќе поддржи активности во кои што учениците од различните етнички/јазични заедници учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија.**
**5.4.Размена на идеи и искуства со цел промовирање на заедничките вредности на две и повеќе култури во средината на живеење**

## 6. СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО УЧИЛИШТАТА И МЕЃУУЧИЛИШНАТА СОРАБОТКА

Со цел да се поттикнуваат, поддржуваат и унапредуваат активностите за МИО и граѓанско вклучување на младите со иницијативи и во акции во заедницата, како и да се одржува и унапредува соработката на општината со училиштата за зајакнување на МИО на ниво на општина, активности што ги спроведува општината се следни:

- учество на обуки, работилници и состаноци со застапени теми и активности за МИО;
- изработка на акционен план на општината за МИО којшто се проследува на усвојување од страна на советот на општината;
- насочување, следење, координирање и поддршка на училиштата за спроведување на активностите за МИО;
- поддршка со соодветни ресурси на училиштата за спроведување на активности за МИО;
- организирање настани за промовирање на МИО на ниво на општина и вклучување на медиумите за информирање на јавноста;
- водење на процесот за партнерство меѓу училиштата за МИО
- поддршка и поттик во креирање мрежа на училиштата во општината и меѓу различни општини за реализирање на меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка за МИО
- соработка со образовните институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО), невладини организации и со други општини.

.................................................

Во општината се назначува одговорно лице или тим/координативно тело за МИО и граѓанска вклученост на младите кое одржува редовна комуникација и соработка со тимовите за училишна интеграција (СИТовите). Одговорното лице или тим/координативно тело за МИО треба да бара од тимот за училишна интеграција во секое училиште да:

- испраќа глобален акционен план и детални акциони планови за активности за МИО(најдоцна до 30.08.2019 доставување на училините акциски планоци)
- известува редовно за датумите за активностите на МИО во училиштето (од 10- дена пред активноста);
- информира редовно за постигањата и евентуалните пречки/проблеми/предизвици во реализацијата на активностите за МИО во училиштето.

## 7. ПОДДРШКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МИО НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Со цел да се поддржуваат училиштата во натамошното подобрување на активностите за МИО на ниво на општина како и да се согледа нивото на постигнатост на МИО и потребата од организирање натамошна поддршка и помош од општината за училиштата, одговорното лице или тим/координативно тело за МИО организира состаноци со координаторите на тимовите за училишна интеграција во текот на месец август за: известување за постигањата во МИО и граѓанскаsа вклученост на младите во училиштата во текот на

претходната учебна година; разгледување на можностите за унапредување на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите во училиштата и општината; планирање на активности за МИО и граѓанска вклученост на младите во наредната учебна година и внесување на истите во годишните програми за работа на училиштата за наредната учебна година. За таа цел општината ќе подготвува годишен акциски план (прилог 1). ?акциски план

**8.**

**Следење на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието во основните и средните училишта**

Следење на реализацијата на планираните активности за меѓуетничка интеграција во образованието на ниво на општина, Комисијата континуирано со цел давање поддршка на активностите, а на полугодишна основа ќе ги собира податоците согласно Индикаторите за планиарње на постиагањата, дадени во табелата.

9.Извештај за тоа како реализацијата на МИО активностите придонела за подобрување на состојбата.

| Индикатори за планирање на постигањата за МИМО | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Индикатор (број или/и процент на ученици) | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 20123 | Извор на податоци од Училиште - СИТ |
| Број на ученици вклучени во вонннаставни активности реализирани самостојно во учишиштата | 215 | | | | | |
| Број на ученици вклучени во вонннаставни активности реализирани со партнер учишиште | 456 | | | | | |
| Број на ученици вклучени во реализирани заеднички наставни активности | 478 | | | | | |
| Број на ученици вклучени во реализирани заеднички проектни активности/слободни часови | 0 | | | | | |
| Број на ученици вклучени во реализирани заеднички часови по практична настава | 0 | | | | | |
| % на обучени наставници од основно и средно образование | 50% | | | | | |
| % на обучени стручни соработници | | | | | | |
| % на обучени членови на училишни одбори | | | | | | |
| % на обучени директори | | | | | | |
| % на училишта во кои составот на УО и СР е мултиетнички | | | | | | |
| Број на иницијативи за МИО на советите на родители | | | | | | |
| Број на заеднички настани | | | | | | |

***8.*** ***Видливост на постигањата на стратегијата***

- На годишна основа информација за реализацијата на меѓуетничката интеграција на Општина Прилеп
- За подобрувањето на видливоста на стратегијата општината ќе се залага активностите на училиштата редовно да се објавуваат на ВЕБ страната на секое училиште, на Веб страната на општината, ќе организира презентирање на постигањата на јавни манифестации за граѓаните на општината
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОЕПТУ „КУЗМАН ЈОСИФОСКИ-ПИТУ“-ПРИЛЕП, ЗА УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА**

1. Одлуката за усвојување на Годишна Програма за работа на СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу“-Прилеп, за учебната 2019/2020 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-3088/62
10.09.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 126 став 1 точка 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15 и 98/15, 145/15, 30/16 , 127/16 и 67/17), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 10.09.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за усвојување на Годишна Програма за работа на СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу"-Прилеп, за учебната 2019/2020 година

член 1

Со оваа одлука се усвојува Годишната Програма за работа на СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу"-Прилеп, за учебната 2019/2020 година.

член 2

Одлуката да се достави до СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу"-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

| | |
|---|---|
| Број 09-3086/63 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 10.09.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2020 ГОДИНА, НА СОЕПТУ „КУЗМАН ЈОСИФОСКИ-ПИТУ"-ПРИЛЕП**

1. Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу"-Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-3088/63 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 10.09.2019 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 20-б став 1 алинеа 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/2018, 198/18 и 143/19) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на ден 10.09.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу"-Прилеп

член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу"-Прилеп.

член 2

Одлуката да се достави до СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу"-Прилеп, Градоначалникот, архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

| | |
|---|---|
| Број 09-3086/64 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 10.09.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 2,БЛОК 2.3, ОПШТИНА ПРИЛЕП,ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2018-2023**

1. Одлуката за донесување на Детален Урбанистички план за четврт 2,блок 2.3, Општина Прилеп,плански период 2018-2023, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-3088/64
10.09.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16,64/18 и 168/18), член 22 став 1, точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ 5/02) и член 14, став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на општина Прилеп (Службен гласник на општина Прилеп 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 10.09.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 2,БЛОК 2.3, ОПШТИНА ПРИЛЕП ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2018-2023**

Член 1

Се донесува Детален Урбанистички план за четврт 2,блок 2.3 КО Прилеп, Општина Прилеп, плански период 2018-2023,изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови (ЈП за ПУП)-Прилеп со технички број 049/18 од јули 2019година , како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука, ( во натамошниот текст: Планот).

Планскиот опфат кој е предмет на изработка на деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

- Северната и северо-западната граница се движи по должина на осовината на сервисната улица, ул. "Новопланирана 201" со ознака Ср9 во должина од 499,29м',
- на исток оди по осовината на сервисната улица "Новопланирана 202" со ознака Ср9 во должина од 287,27м',
- во јужен правец по осовината на собирната улица "Самоилова", со ознака С3, во должина од 635,26 која е и почетна точка на границата на опфатот формирајќи затворен полигон со површината на планскиот опфат 110821,501 м2, односно 11,08ха.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2018 година, дониесена од Советот на општината, бр. 09-1997/32 од 23.05.2018 година.
- Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2019 година, донесена од Советот на општината, бр. 09-531/25 од 07.02.2019 година.
- Решение за измена и дополнување на решението за формирање Комисија за урбанизам, бр. 08-178/4 од 24.10.2018 година.

- Планска програма, изработена од Јавно претпријатие за просторни и урбаниситички планови под бр. 08-975/2 од 31.10.2018 година.
- Предлог за одобрување на планска програма за изработка на Детален урбанаситчки план бо четврт 2, блок 2.3, Општина Прилеп, од Комисијата за убанизам на Општина Прилеп со број 10-2125/3 од 22.11.2018 година.
- Решение од Градоначалник за одобрување на Планска Програма за изработка на Детален урбанистички план во четврт 2, блок 2.3, Општина Прилеп со број 10-2125/4 од 22.11.2018 година.
- Потврда за заверка на планкса програма број 10-2125/2 од 22.11.2018 година
- Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за влијанието врз животната средина, бр. 08-4426/1 од 14.12.2018 година, донесена од Градоначалникот.
- Известување за прифаќање на одлуката за неспроведвуање на стратегиска оцена за влијанието врз животната средина, од Министерството за животна средина и просторно планирање, бр. УП-15-1712/2018 од 26.12.2018 година
- Предлог – Детален урбанистички план за четврт 2, блок 2.3, КО Прилеп, Општина Прилеп, со плански период 2018-2023, со површина на опфатот (11,08ха), изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови (ЈП за ПУП) – Прилеп со технички број 049/18 од Јануари 2019 година.
- Стручно мислење, од Комисијата за урбанизам на Општина Прилеп со број 10-2302/4 од 12.02.2019 година.
- Одлука за организирање јавна презентација и јавна анкета со број 08-589/1 од 11.02.2019 година
- Соопштение за организирање јавна презентација и јавна анкета со број 08-589/3 од 11.02.2019 година
- Известување до субјекти за организирање јавна анкета и јавна презентација бр. 10-2302/3 од 18.02.2019година
- Решение за формирање Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација бр. 08-589/2 од 11.02.2019 година
- Записник од спорведената јавна анкета и јавна презентација, број 10-2302/6 од 11.03.2019 година
- Извештај за прифатени и неприфатени забелешки од спреведената јавна анкета и јавна презентација број 10-2302/7 од 11.03.2019 година.
- Конечен Предлог – Детален урбанистички план за четврт 2, 2.3, КО Прилеп, Општина Прилеп, со плански период 2018-2023, со површина на опфат (11.08ха), изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови (ЈП за ПУП) – Прилеп со технички број 049/18 од јули 2019 година
- Мислење за утврдена состојба од Агенција за катастр на недвиќности со бр. 0939-4767/6 од 26.06.2019 година.
- Одговор на барање податоци бр.09-152/2 од 27.02.2019 година од НУ Завод и заштита од спомениците од културата и Музеј-Прилеп.
- Одговор на покана за јавна презентација од Министерството за култура, Управа за заштита на културно наследство број 17-801/4 од 08.05.2019 годиан.
- Мислење од Министерството за образование и наука, бр. 09-5079/4 од 21.06.2019 година.

- Мислење од Министерството за труд и социјална политика, бр.03-4275/2 од 21.06.2019 година.
- Мислење од АД Водостопанство на Р.М.-Скопје – подружница Прилепско Поле-Прилеп, бр.100-44/2 од 23.03.2019 година.
- Известување бр.11-867/2 од 26.03.2019 година од АД Водостопанство на РМ-Скопје.
- Согласност од Дирекцијата за заштита и спасување – ПО Прилеп, бр. 09-274/2 од 25.12.2018 година.
- Извештај за извршената стручна ревизја од дооел Перкан Проект – Прилеп, со архивски број 53/19 од 16.07.2019 година.
- Мислење од ЈКП Водовод и канализација Прилеп – уредено се поканети за учество во јавна презентација и јавна анкета и не доставиле свои забелешки.
- Мислење од ЕВН, бр.10-3394/2 од 18.07.2019 година.

**СОДРЖИНА**

**1. Општ дел**

**1.1. Насловна страна**

**1.2. Содржина**

**1.3. Регистрација од Централен Регистар на РМ**

**1.4. Лиценца на правното лице**

**1.5. Решение за назначување на одговорни планери**

**1.6. Копии од овластувањата на планерите**

**1.7. Програма за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2018г.**

**1.8. Прилози на документационата основа, податоци и информации од субјектите кои ги вршат работите од областа на заштита на животната средина, заштита на културното наследство, заштитата и спасувањето, здравствената заштита, образованието, земјоделието, водостопанството, транспортот и врските, воздухопловството, безбедноста, јавните патишта, како и субјектите надлежни за изградба и одржување на сообраќајна, водоводна, канализациона, електроенергетска, телекомуникациска, топловодна и гасоводна инфраструктура.**

1.8.1. Одговор на известување издаден од страна на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп бр.10-342/2 од 17.10.2018 год. и дополнување на податоци со бр.09-152/2 од 27.02.2019г.

1.8.2. Потврда за подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа и објекти бр.14-1497/2 од 16.10.2018 год, издадено од ЕВН Македонија АД Скопје, КЕЦ – Прилеп.

1.8.3. Известување од ЈКП „Водовод и канализација" – Прилеп, за водовите на постојната водоводна и канализациона мрежа од 03-12/201-1 од 17.10.2018 год.

1.8.4. Известување од Македонски Телеком АД - Скопје, за телекомуникациската мрежа од 07-680735/1 од 17.10.2018 год.

1.8.5. Известување од АД Водостопанство на РМ - Скопје, за постојни објекти и инфраструктура од нивната мрежа од 10-4026/2 од 31.10.2018 год. и дополнување на податоци со бр.11-867/2 од 26.03.2019 г.

1.8.6. Согласност од Дирекција за заштита и спасување 09-274/2 од 21.12.2018 г.

**2. Документациона основа**

**2.1. Текстуален дел**

2.1.1. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат

2.1.2. Историјат на планирањето и уредувањето на планскиот опфат

2.1.3. Податоци за природни чинители и вредности во планскиот опфат и неговата околина

2.1.3.1. Географска положба

2.1.3.2. Сеизмика на просторот
2.1.3.3. Клима
2.1.4. Податоци за создадени вредности и чинители
2.1.4.1. Културно наследство
2.1.5. Инвентаризација на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат, на изградениот градежен фонд и на вкупната физичка супраструктура
2.1.5.1. Површина на опфатот - нумерички показатели
2.1.5.2. Нумерички показатели на ниво на катастарски парцели
2.1.5.3. Преглед на објекти по конструктивен систем
2.1.5.4. Преглед на објекти по спратност
2.1.6. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно-историско значење и културни предели
2.1.7. Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура
2.1.7.1. Улична мрежа – сообраќај
2.1.7.2. Хидротехничка инфраструктура
2.1.7.2.1. Водовод
2.1.7.2.2. Фекална канализација
2.1.7.2.3. Атмосферска канализација
2.1.7.3. Електроенергетска мрежа
2.1.7.4. Телекомуникациска мрежа – ПТТ
2.1.8. Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план
2.1.9. Анализа на можностите за просторен развој
2.1.10. Други подтоци и информации од субјектите од член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, релевантни за постојната состојба на подрачјето во планскиот опфат

**2.2. Графички прилози**

2.2.1. Извод од измена и дополнување на ГУП на Прилеп, донесен со одлука бр.25-2888/5 од 28.12.2015г.
2.2.2. Извод од важечки ДУП
2.2.3. Извод од соседни ДУПОВИ
2.2.4. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од донесен урбанистички план за и во планскиот опфат или кои граничат со планскиот опфат на урбанистичкиот план М=1:1000, лист бр. 3
2.2.5. Ажурирана геодетска подлога М=1:1000, лист бр. 4
2.2.6. Документациона основа (инвентаризација на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура, на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат) М=1:1000, лист бр. 5
2.2.7. Документациона основа (инвентаризација на изградената комунална инфраструктура) М=1:1000, лист бр. 6

**3. Планска документација**

**3.1. Текстуален дел**

3.1.1. Вовед
3.1.2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат
3.1.3. Текстуални одредби на план од повисоко ниво
3.1.4. Планска програма
3.1.5. Опис и образложение на планскиот концепт на просторниот развој
3.1.5.1. Систем на групи на класи на намени
3.1.5.2. Класа на намени
3.1.5.3. Густина на населеност
3.1.5.4. Парцелација и регулација
3.1.5.5. Урбано зеленило и озеленетост
3.1.6. Планско решение на комунална инфраструктура
3.1.6.1. Планско решение на сообраќајна инфраструктура
3.1.6.2. Хидротехничка инфраструктура
3.1.6.2.1. Водовод
3.1.6.2.2. Фекална канализација
3.1.6.2.3. Атмосферска канализација
3.1.6.2.4. Хидрантска мрежа

3.1.6.3. Електроенергетика
3.1.6.3.1. Улично осветлување
3.1.6.4. Телекомуникациска мрежа
3.1.6.4.1. Мобилна телефонија
3.1.7. Економско образложение
3.1.8. Мерки за заштита
3.1.8.1. Мерки за заштита и спасување
3.1.8.2. Мерки за заштита и спасување од пожар
3.1.8.2.1. Хидрантска мрежа
3.1.8.3. Мерки за заштита на животната средина
3.1.8.4. Мерки за заштита на природата
3.1.8.5. Мерки за заштита на културното наследство, конз. основи
3.1.9. Општи услови за изградба,развој и користење на градежното земјиште на планот
3.1.10. Други општи услови
3.1.11. Посебни услови за изградба,развој и користење на градежното земјиште на планот

**3.2. Нумерички дел**

3.2.1. Нумерички показатели на ниво на плански опфат
3.2.2. Нумерички показатели на ниво на градежни парцели
3.2.3. Билансни показатели

**3.3. Графички дел**

3.3.1. План на намена на земјиштето и градбите М=1:1000,лист бр. 1
3.3.2. Регулационен план М=1:1000,лист бр. 2
3.3.3. План на површини за градење М=1:1000,лист бр. 3
3.3.4. Сообраќаен план со нивелациски план М=1:1000,лист бр. 4
3.3.5. Инфраструктурен план М=1:1000,лист бр. 5
3.3.6. План на зеленило М=1:1000,лист бр. 6
3.3.7. Синтезен план М=1:1000,лист бр. 7

Член 3

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за четврт 2,блок 2.3,Општина Прилеп, плански период 2018-2023 изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови (ЈП за ПУП) – Прилеп со технички број 049/18 од јули 2019 година, задолжително се прикачувва во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам.

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавната презентација и јавната анкета, со образложение за прифатените и неприфатените забелешки, изработен од стручна комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

Член 5

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на Општина Прилеп

Член 6

Донесениот Детален урбанистички план за четврт 2, блок 2.3, Општина Прилеп, плански период 2018-2023 изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови (ЈП за ПУП) – Прилеп со технички број 049/18 од јули 2019 година , во електронска форма се објавува на веб страната на Општина Прилеп.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

Број 09-3086/65
10.09.2019 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
м-р Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Прилеп за 2019 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-3088/65
10.09.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ„ бр. 15/15, 44/15,98/15 i 193/15), член 36 ст,1 т.3 од од Законот за локална самоуправа ( Сл. Весник На РМ, 5/02) и чл. 26 т.8 од статутот на Општина Прилеп ( Сл. Гласник на Општина Прилеп бр.6/03, 4/05 и 10/08), Советот на општина Прилеп на седница одржана на 10.09.2019 година, донесе :

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО**
**НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2019 ГОДИНА**

Предлогот за измена и дополнување на Програмата содржи:

1. Простор кој е предмет на уредувањето;
2. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
3. Обем и степен на опременост на градежно земјиште со основна и секундарна инфраструктура;
4. Приходи за финансирање на Програмата;
5. Расходен дел на Програмата
6. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;
7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктура;
8. Преодни и завршни одредби.

**1.Простор кој е предмет на уредувањето**

Како простор што се уредува се смета, изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Прилеп, утврдено со урбанистичките планови дефинирани во член 7, 46, 119, 120, 121, 122 и 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14,44/15,193/15,31/16, 163/16, 64/18, 168/18).

**2.Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште**

Утврдување на обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изработка и донесување на урбанистички планови,
- Обезбедување на геодетска подлоги и елаборати
- Изработка на елаборати за експропријација за изградба на објекти од комунална инфраструктура.
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотите
- Програмирање на уредувањето

**3. Обем и степен на опременост на градежно земјиште со објекти од основната и секундарната инфраструктура**

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременоста на земјиштето со објекти и инсталации од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуална комуналната потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Комуналните приклучоците на објектот до приклучните местана примарната и секундарната мрежа(до границата на градежната парцела), паѓаат на терет на инвеститорот, затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат негова сопственост.

Доколку постојат претходно изградени комунални инсталации во склоп на градежната парцела, и е потребно нивно дислоцирање или нивна заштита, трошоците што ќе се направат паѓаат на товар на инвеститорот, односно на корисникот на локацијата.

3.1. Степенот на уреденост на градежното земјиште надвор од градежна парцела, кој може да биде **ОСНОВЕН, ПОВИСОК** и **ПОНИЗОК**, се дефинира како следи:

**ОСНОВЕН СТЕПЕН - Карактеристики на уредувањето:**

**-**Неперечени пристапи од улицата до границите на градежната парцела, тротоари, пешачки патеки

- Атмосферска канализација; - Фекална канализација; - Водоводна мрежа ; - Улично осветлување; - Подземна електрична мрежа

**ПОВИСОК СТЕПЕН - Карактеристики на уредувањето** Ги опфаќа објектите од основниот степен, и содржи уште: - Сообраќајни патеки за заштита од пожар, пристапни патишта за возила, паркинг-простори, -ПТТ (оптичка - телекомуникациска ) мрежа -Пречистителна станица за отпадни води

**-**Гасоводна мрежа

**ПОНИЗОК СТЕПЕН - Карактеристики на уредувањето**

- Непречен пристап до градежна парцела - Сопствено водоснабдување

- Сопствено прифаќање на отпадни води(пречистителна станица) - Нестандардно улично осветлување

Пресметката на надоместокот ќе се утврдува согласно констатиран степен на уредување на земјиштето, при увид на предметната локација. Во случај да инвеститорот сам, на свој трошок го уреди градежното земјиште со комунална инфраструктура, притоа не плаќа надоместок, а изградените објекти и инсталации се потврдуваат преку постапката за издавање на одобрение за градење, и конечно се предаваат во владение на општината.

**4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА - ПРИХОДИ**

Средствата за финансирање на програмата за уредувањето на градежното земјиште за 2019 година се во согласност со Буџетот на општина Прилеп за 2019 г.

**РАСХОДЕН ДЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

**ЕАО- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА**

**Изработка на проекти за високоградба и други проекти и ревизии**

- Основен проект за спортска сала во ООУ ,,Блаже Конески“
- Основен проект за спортска сала во ООУ ,,Кире Гаврилоски“
- Основен проект за базени за рекреација и рехаб. –Точила
- Основен проект за детска градинка –Точила

- Од УПВНМ:
- основен проект за велосипедска патека
- основен проект за паркинг
- основен проект за урбана опрема
- основен проект за отворени спортески игралишта
- основен проект за пешачки патеки
- основен сообраќаен проект за режим на сообраќај за приклучок објекти во УПВНМ КО Дабница на регионален пат.

- Дополнување на основен проект за реконструкција на градски стадион ,,Гоце Делчев" Прилеп.

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Вкупно ЕАО 5.275.000,оо ден**

**GD0 ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

- Подготвување на проекти, вклучувајќи дизајн на капацитети во енергетиката

**(Проектна документација за гасификација на град Прилеп)**

**Вкупно GD0 2.427.000,оо ден**

**F10 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

**1. Изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко проектна документација :**

**- Детални урбанистички планови**: за Четврт 8 УБ 8.1, четврт 2 УБ 2.13 ,четврт 12 УБ 12.4 и УБ 12.3, четврт 6 УБ 6.1, четврт 7 УБ 7.2 и 7.7 , четврт 11 УБ 11.3 , четврт 3 УБ 3.12

**- Архитектонско урбанистички проекти (АУП) :**

ГП бр.2 за ООУ ,,Кире Гаврилоски"
ГП бр.1.1 за ООУ,,Блаже Конески"
ГП бр.53 за Гимназија ,,Мирче Ацев"
Градски стадион ,,Гоце Делчев"
ГП бр.1.3 –УПВНМ за туристичко-рекреативен центар ,КО Дабница

**- Урбанистички планови за Оревоец и Крстец**
**- Услови за планирање на просторот за урбанистички планови за села**
**- Урбанистички планови за села финансирани од Агенција за финансиска поддршка**

**- Регулациски планови за четврт 3, четврт4 , четврт 5 и четврт 12**

**2. Изработка на проекти за инфраструктура за:**

-Општински пат (А1-Оревоец) дел-900 м
- Општински пат (А1- Р 1312 ) –дел-4400 м
- Индустриска зона ,,Прилеп 2" во УЕ 8 УБ 8.2 плански опфат 1-сточно пазариште, (кејски зидови и минор корито-делови)
- Улица ,,Целе Мавроски"-дел - 350 м
- Улица ,,Кеј 1ви Мај" –дел - 650 м.
- Индустриска зона УЕ 1, УБ1.1-дел –
- Улица ,,Победа"-дел, со мостот 400
-Општински пат -Л 6001955 22 ( Р 2338 до Полчиште)-
- Булевар ,,Гоце Делчев"-дел и ул.,,Прилепски Бранители"-дел

**3. Изработка на ревизии на урбанистички планови, урбанистичко- планска документација**
- ДУП
- проекти за инфраструктура
- регулациски планови
- основен проект за велосипедска патека
- основни проекти

**4. Изработка на документација животната средина - елаборати и студии за оцenka на влијание врз животната средина**

**- Геомеханички елаборати**

**5. Изработка на ажурирани геодетски подлоги и геодетски елаборати за посебна намена и други геодетски услуги**

---

**Вкупно F 10 = 27.118.000,оо ден**

**FAO УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**

- Изградба на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација __3.800.000.оо ден

**Вкупно FAO 3.800.000.оо ден**

**J00 ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

Одржување на јавни површини, урбана опрема,огради .................................................... 600.000.оо ден
Клупи, канделабри, корпи за отпад и друго ......................................................................... 900.000.ооден

**Вкупно J00 1.500.000.оо ден**

**J30 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

1. Потрошена електрична енергија ..................................................................................... 17.500.000,оо ден.
2. Ситен инвентар,алат и др. материјали за одржување ................................................. 5.000.000,оо ден.
3. Поправки и одржување на опремата .............................................................................. 4.000.000,оо ден.

**Вкупно J30 26.500.000,оо ден.**

**J40 ЈАВНА ЧИСТОТА**

- Одржување на други зелени површини ......................................................................... **13.384.000,оо ден.**

**Вкупно J40 13.384.000.оо ден.**

**J60 ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ.**

1. Зимско одржување ..................................................................................................18.400.000,оо ден.

2. Одржување на други градби ( хоризонтална, вертикална сигнализација и др.)..............................................................................................................................8.500.000,оо ден.

**Вкупно J60 26.900.000,оо ден.**

**J7O ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

- Субвенции за ЈП Комуналец .................................................................................. **38.000.000,оо ден.**

**J80 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

1. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација ........................................................ 2.050.000.оо ден

2. Чистење на речни корита и канали_______________________________________3.000.000.оо ден
3. Услуги за одводнување – такса кон ЈП Водостопанство на РМ_________________1.400.000.оо ден
4. Испитување на квалитет на води и воздух__________________________________100.000.,оо ден
5. Рушење на објекти и дислоцирање на постоечка инфраструктура_____________1.000.000.ооден

**Вкупно Ј80 7.550.000,оо ден.**

**ЈА0 ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

**1.- Изработка на Проектна документација за линиска инфраструктура и ревизија од областа на јавното осветлување**

- **за следниве локации:**

-ул.,, Кеј 9ти септември ,, дел...........................................................................................................300 метри,
- ул.,, Горан Миноски ,, дел...............................................................................................................200 метри;
- ул.,,Дебарца,, дел..........................................................................................................................400 метри;
-ул.,, Бранко Секулоски Белата ,, дел............................................................................................ 500 метри;
-ул.,, Кеј 19 ти Септември ,, дел...................................................................................................... 500 метри;
-ул.,, Љубе Груевски ,, дел...............................................................................................................250 метри;
- ул.,, Максим Горки ,, дел................................................................................................................ 250 метри;
-ул.,, Архимедова ,, дел..................................................................................................................... 150 метри;
-ул.,, 5та Прилепска ,, (парковска површина околу згради ) дел................................................... 150 метри;
-ул.,,Васко Карангелески ,, ( парковска површина околу згради ) дел.......................................... 100 метри;
-ул.,,Кеј 1ви Мај ,, дел........................................................................................... 250 метри и дел 650 метри;
-ул.,, Осоговска ,, дел......................................................................................................................... 200 метри;
-Булевар ,, Годе Делчев ,, влез кон железничка станица дел.......................................................... 150 метри;
- Мост на ул.,, Трајко Николоски ,,
-Булевар ,,Гоце Делчев,, од раскрсница со ул..,,Прилепски бранители,, до раскрсница со ул .,, Кузман Јосифоски ,, .........................................................................................................................300 метри

**Вкупно: 600.000 ,оо ден.**

**2. Изградба на објекти во енергетиката - јавно осветлување**

- **за следниве локации:**

-ул.,, Кеј 9ти септември ,, дел...........................................................................................................300 метри,
- ул.,, Горан Миноски ,, дел...............................................................................................................200 метри;
- ул.,,Дебарца,, дел..........................................................................................................................400 метри;
-ул.,, Бранко Секулоски Белата ,, дел............................................................................................ 500 метри;
-ул.,, Кеј 19 ти Септември ,, дел...................................................................................................... 500 метри;
-Булевар ,, Годе Делчев ,, влез кон железничка станица дел.......................................................... 150 метри;
-Мост на ул.,, Трајко Николоски ,,;
-Булевар ,,Гоце Делчев,, од раскрсница со ул..,,Прилепски бранители,, до раскрсница со ул. ,, Кузман Јосифоски ,, ...................................................................................................................300 метри

**Вкупно: 3.000.000,оо ден.**

**3. Реконструкција на објекти во енергетиката - реконструкција на јавно осветлување**
- замена и вградување во постојни светилки на светилки со лед диоди.

**Вкупно: 1.000.000,оо ден.**

**Севкупно ЈА0 4.600.000,оо ден.**

**ЈD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

**1 - Подготвување на проекти**

Улица Булевар ,,Гоце Делчев,,; улица ,,Прилепски бранители,, ; улици во Индустриска зона ,,Прилеп2,, во УЕ8, УБ 8.02 плански опфат 1; улица ,,Целе Мавроски,,; улица ,,Гога Димитриоски,, ; улица ,,Цане Илиески,,-крак во УАЕ12; улица ,,Боца Иваноска,,; Индустриска улица во УАЕ19, дел УБ19/8; улица ,,Кеј 1-ви Мај,, ; Паркинг на улица ,,Републиканска,, ; Улица ,,Победа,,-дел и Мост над градска река; , улица ,,Булевар Новопроектирана1,, од УБ 9/1, кварт 1и2; Новопроектирана сервисна улица ,,Се,, во УЕ бр.18, УБ 18.2, плански опфат 1;улици во ДУП за четврт2, блок2.3; улици во градот и населените места и др.

**Вкупно: 1.500.000,оо ден**

**2 - Изградба на улици и општински патишта**

Улица ,,Булевар Гоце Делчев,, - крак; улица ,,Целе Мавроски,,; улица ,,Боца Иваноска,, ; Индустриска улица во УАЕ19, дел УБ 19/8; улици во индустриска зона ,,Прилеп1,, ; улици во индустриска зона ,,Прилеп2,,; Паркинг на улица ,,Републиканска,,; улици во УАЕ 11, УБ 11.04 и 11.05; улица ,,Цане Илиески,,-крак во УАЕ 12; улица ,,Кеј 1-ви Мај,,; и др.

**Вкупно: 20.600.000,оо ден**

**3 - Реконструкција, одржување, рехабилитација, тампонирање, тротоари, пешачки патеки, ударни дупки, прокопи и др., на улици и општински патишта**

Улица ,,Гога Димитриоски,,; улица ,,Кузман Јосифоски,, ; улица ,,Иљо Попадинец,,; улица ,,Самоилова,,; улица ,,Пчиња,,; улица ,,Октомвриска,,; улица ,,Истарска,,; улица ,,Ленин,,; улица ,,Ристе Секирчанец,,; улица ,,Архимедова,,; улица ,,Тетовска,,; улица ,,Александар Македонски,,; улица ,,Мара Јосифоска,,; улица ,,Дабничка,,; улица ,,Трајко Николоски,,; улица ,,Љубе Грујоски,,; улици во градот и населените места; улица,, Орде Чопела,,; улица ,, Осоговска,,; улица ,, Бистра планина,,; улица ,, Леце Котески,,; улица ,, Дабнички завој,,; улица ,,Благоја Јовчески,,; улица ,,Благоја Шукуроски,,; општински пат Л600195524-од Прилеп –н.м. Волково-н.м. Прилепец-до Манастир ,,Свети Никола,, -2-ра и 3-та фаза; рехабилитација, тампонирање, тротоари, пешачки патеки, ударни дупки, прокопи и др.

**Вкупно: 75.320.000,оо ден**

**4 – Надзор над изградба** ......................................................................................**Вкупно : 3.000.000 ден.**

**5 - Надомест за одземен имот**

ул. ,,Боца Иваноска,,; Паркинг на улица ,,Републиканска,,; ,,Самоилова,,; улица ,,Булевар Новопроектирана1,, од УБ 9/1, кварт 1и2; Новопроектирана сервисна улица ,,Се,, во УЕ бр.18, УБ 18.2

**Вкупно: 1.000.000,оо ден.**

**Севкупно JD0 101.420.000 ден.**

**JDA Реконструкција на улица Булевар ,,Гоце Делчев,,-дел и улица ,,Прилепски бранители,,-дел**

**(Развојна програма)………………………………………………………………… 24.000.000,оо ден**

**JDB Реконструкција и доградба на мост над градска река на улица ,,Трајко Николоски,,**

**(Развојна програма) ……………………………………………………………….. 30.000.000,оо ден**

**JG0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

**I.ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ за водоснабдителни системи**

1.Проект за линиска инфраструктурна градби за хидро-технички објект, Ревизија, Елаборат за заштита на животната средина и ажурирани геодетски подлоги за линиска градба

- Бунар во с.Канатларци

2. Изработка на Основен проект, ревизија и Елаборат за хидрогеолошки испитувања

- Бунар во с.Канатларци

**Севкупно (проектна документација) JG0 800.000.00 ден.**

**JI0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**

**I. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ за атмосферска и фекална канализација**

**1.1. Проекти за линиски инфраструктурни градби и хидро-технички објекти**

- **ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА**

-Делници за атмосфер. канализација на поедини улици низ градот

-Индустриска зона - ДЕЛ од УЕ 1.02,.1.04 и 1.05 (Варош-Точила),

- Одвод на атмосферски отпадни води за објект на МВР (над Касарна)

- **ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА** -

- Делници за Фекална канализација на поедини улици низ градот

-Индустриска зона - ДЕЛ од УЕ 1.02,.1.04 и 1.05 (Варош-Точила),

- Одвод на фекални отпадни води за објект на МВР (над Касарна)

- Изработка на Ревизии
- Елаборати за Заштита на животната средина
- Елаборати за ажурирани геодетски подлоги за линиски градби

**1.2. Подготовка на Основни проекти**

- **ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА**

- Нов ободен канал под Маркови Кули 3300,00м; _______________(1 400 000,оо ден)

-Делници за атмосферска канализација на поедини улици низ градот, со третман на индивидуални приклучоци

-Индустриска зона ДЕЛ од УЕ 1.02,.1.04 и 1.05 (Варош-Точила),

- Одвод на атмосферски отпадни води за објект на МВР (над Касарна)

- **ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА**

- Делници за Фекална канализација на поедини улици низ градот

-Индустриска зона - ДЕЛ од УЕ 1.02,.1.04 и 1.05 (Варош-Точила),

- Одвод на фекални отпадни води за објект на МВР (над Касарна)

- Ревизии на проектни документации

**Проектни документации JI0 3.500.000,оо ден.**

**II. ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ ЗА *атмосферска и фекална* КАНАЛИЗАЦИЈА**

- **ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА**

- Одвод на атмосферски отпадни води за објект на МВР (над Касарна)

- **ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА**

- Одвод на фекални отпадни води за за објект на МВР (над Касарна)

---

**Изградба JI0 7.000.000,оо ден.**

**Севкупно JI0 10.500.000,оо ден.**

**JL0 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**

1. Потпорни зидови____________________1.500.000.оо ден
2. Пристапни рампи____________________2.250.000.оо ден

**Вкупно JL0 3.750.000.00 ден.**

**JN0 УРБАНА ОПРЕМА**

- Купување на урбана опрема ...................................................................................2.800.000,оо ден.
- Изградба на објекти .........................................................................................2.116.000,оо ден

**Вкупно JN0 4.916.000,оо ден.**

**JP0 ЈАВЕН ПРЕВОЗ – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**

1. Капитални субвенции за набавка на нови автобуси за градски превоз................15.000.000.оо ден

**Вкупно JP0 15.000.000,оо ден.**

**LAO СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**

1. Браварија и столарија на деловни простори во подтрибински простор на северна трибина од градски стадион „Гоце Делчев“ ..................................................................................6.000.000,оо ден.

**Вкупно LAO 6.000.000,оо ден.**

**LAA РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИ СТАДИОН „Гоце Делчев“**

**(Развојна програма)**……………………………………………………………………………… **34.000.000,оо ден**

**6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА**

Трошоците за уредување на градежно земјиште, се утврдува согласно со реалните трошоци направени за соодветниот степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура. Висината на трошоците се пресметуваат по м2 на нова корисна површина што ќе се гради и претставува збир на нето површините на подовите на сите простории на објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со коефициентот дефиниран во Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост(Сл.весник 93/2011, 65/12, 98/12, 113/33, 96/14, 107/14, 115/14, 36/14 и 193/2016).

**Степенот на уреденост на градежно земјиште и висинта на трошоците даден е во следната табела**

| | Индиви-дуално становање (евра/м2) | Колек-тивно становање (евра/м2) | деловни, јавни и други објекти (евра/м2) | производство дистрибуција и сервиси (класа на намена Г), угостителски, туристички, хотелски комплекси и одморалишта (класа на намена А4) (евра/м2) |
|---|---|---|---|---|
| - повисок степен | 30 | 40 | 60 | 100 |
| - основен степен | 26 | 35 | 40 | 100 |
| - понизок степе | 15 | 20 | 30 | 100 |

Во индустриските зони во градот, надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува на максималната нето развиена површина за градба прикажана во табеларниот преглед од соодветниот ДУП за бараната парцела.

За линиски инфраструктурни објекти, се плаќа надоместок во зависност од должината која е прикажана во проектот и геодетскиот елаборат и тоа:

За должина: до 1 км - 50 евра, од 1 км до 10 км – 100 евра, над 10 км – 150 евра.

Надоместоците изразени во евра се пресметуваат во денарска противвредност, по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на изготвување на пресметката.

Не се плаќа надомест за уредување на градежно земјиште за објекти што ќе ги гради Општина Прилеп - Локална самоуправа и објекти ослободени со Одлука на Советот на Општина Прилеп.

Јавните претпријатија кои вршат комунални дејности на подрачјето на Општина Прилеп, плаќаат за уредувањето на градежното земјиште во висина од 30% од вредноста на објектите од комуналната инфраструктура што се градат, а се од нивна надлежност.

По иницијатива на жителите на градот и населените места, а во услови кога истите се заинтересирани со месен самопридонес да учествуваат во уредувањето на градежното земјиште, населението ќе учествува со 50% од вредноста на комуналните објекти и инсталации.

Меѓусебните права и обврски за уредувањето на градежното земјиште врз основа на документ за сопственост, извод од план и основен проект заверен од Општина Прилеп, се уредуваат со Договор склучен помеѓу инвеститорот и Градоначалникот на Општината.

До колку вкупниот пресметан просечен надоместок за конкретната локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа по стварно направените трошоци, по посебен трошковник, за уредувањето на локацијата и на соодветниот дел од пошироката локација што ќе се регулира со Анекс кон договорот за уредување на градежното земјиште.

Доколку постои водоводна и/или канализациона мрежа под објектот или на растојание од еден метар од надворешниот ѕид на објектот за кој се бара одобрение за градење, инвеститорот е должен да изврши реконструкција (изместување) на водоводната и/или канализациона мрежа на негова сметка, по претходно добиени хидротехнички услови од давателот на услугата.

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместок за уредување на градежното земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци на комуналната инфраструктура.

**Стимулативна регулатива за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште**

-Инвеститорот има право да поднесе барање за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати со утврдена динамика на плаќање на следниот начин:

-инвеститорот е должен да уплати 50%(педесет проценти) од утврдениот износ во договорот, за надомест за уредување на градежно земјиште на денот на потпишување на договорот. Останатите 50%(педесет проценти) инвеститорот може да ги исплати на шест (6) рати .

**6.1 Распоред на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Во зависност од опременоста и опремувањето на градежното земјиште процентуалното учество на инфрастуктурните објекти и инсталации во уредувањето на градежното земјиште изнесува:

- Објекти и инсталации од заедничко инвестирање 30 %
- Објекти и инсталации од индивидуално инвестиеање 70 %, од кои за:

фекална канализација 15 %, атмосферска канализација 20 %, водовод 7 %,
улично осветлување 10 %, коловоз асфалт 37 %, тротоари 11 %.

Сопственикот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната примарна или секундарна мрежа за индивидуално инвестирање од соодветното комунално претпријатие. До колку за постојните комунални инсталации, инвеститорот не добие писмена потврда за исправност на истата од соодветното комуналното претпријатие, Општината

ќе склучи Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за индивидуално инвестирање на инсталациите.

### 6.2 Надоместок за изградба на објекти во село, вон населени места и по ЛУПД

Инвеститорите кои ќе градат станбени објекти во урбаното подрачје на населените места во Општина Прилеп, ќе плаќаат надоместок за уредувањето на градежното земјиште во висина од 10 % од надоместокот од Основниот степен во градот.

За останатите намени на објекти, ќе се плаќа 30 % од Основниот степен во градот, освен за производство дистрибуција и сервиси (класа на намена Г), угостителски, туристички,хотелски комплекси и одморалишта (класа на намена А4).

Доколку до градежната парцела има поставено инфраструктура, инвеститорот ќе плати надоместок во износ од Основниот степен во градот, према процентот даден во точка 6.1. од оваа Програма.

Инвеститорите кои ќе градат во урбаното подрачје согласно на Урбанистичкиот план вон населени места или Локална урбанистичка планска документација во Општина Прилеп, ќе плаќаат надоместок за заедничкото инвестирање во износ од 30 % од Основниот степен во градот, освен за производство дистрибуција и сервиси(класа на намена Г), угостителски, туристички, хотелски комплекси и одморалишта (класа на намена А4).

Доколку до градежната парцела има поставено инфраструктура, инвеститорот ќе плати надоместок во износ од Основниот степен во градот, према процентот даден во точка 6.1. од оваа Програма.

Овие инвеститори сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

## 7. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема или не е целосно изградена секундарната инфраструктура, а сопственикот на земјиштето инсистира сам со свои средства да ја гради истата согласно заверена техничка документација за градење, должен е на Локалната самоуправа за изградената основна мрежа, да и надокнади трошок во висина од 30 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште утврден со Програмата и да овозможи на идните сопственици на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надоместок.

Инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам треба да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и истата да ја предаде на локалната самоуправа без надоместок.

За изграден објект или комунална инфраструктура, која технички е примена и со неа стопанисува соодветно надлежно претпријатие, по барање на инвеститорот ќе му биде одбиен процент од индивидуалното задолжение за користење на тој објект или инсталација.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа без надоместок, да се овозможи приклучување на нови идни корисници на земјиштето, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Водоснабдителен или канализационен систем изграден со средства на граѓани, домашни и странски донатори или други корисници, со договор се отстапува на управување на давателот на услугата и претставува целина на единствениот водоснабдителен или канализационен систем.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Прилеп.

2. Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Сл.гласник на Општина Прилеп,,.

Број 09-3086/66 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.09.2019 година — на Совет на Општина Прилеп
П р и л е п — м-р Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД КОРИСНИЧКО ПРАВО НАД КП 6130 КО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за откажување од корисничко право над КП 6130 КО Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-3088/66 — ГРАДОНАЧАЛНИК
10.09.2019 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Илија Јованоски

Врз основа на чл.36 ст. 1 т.10, како и чл.62 од Законот за локална самоуправа на РМ( СЛ.Весник на РМ бр.5/2002), како и врз основа на чл.26 ст.1 точка 33 како и чл.62 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.09.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за откажување од корисничко право над КП 6130 КО Прилеп

чл.1
Општина Прилеп како корисник на градежно земјиште, утврдено во Имотниот лист бр.58046, издаден од страна на Агенција за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, заведен под бр.1105-16625/2017 од 24.07.2017, за КП 6130 КО Прилеп, со вкупна површина од 78 м$^2$, со оваа Одлука СЕ ОТКАЖУВА од корисничкото право над КП 6130 КО Прилеп.

чл.2
На Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, како надлежна институција, и се дава овластување да ја спроведе оваа Одлука, и истата Одлука претставува основ за бришење на корисничко право над земјиштето од чл.1 од оваа Одлука.

чл.3
Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

Број 09-3086/67 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.09.2019 година — на Совет на Општина Прилеп
П р и л е п — м-р Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД КОРИСНИЧКО ПРАВО НАД КП 6131 КО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за откажување од корисничко право над КП 6131 КО Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-3088/67 — ГРАДОНАЧАЛНИК
10.09.2019 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Илија Јованоски

Врз основа на чл.36 ст. 1 т.10, како и чл.62 од Законот за локална самоуправа на РМ( СЛ.Весник на РМ бр.5/2002), како и врз основа на чл.26 ст.1 точка 33 како и чл.62 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.09.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за откажување од корисничко право над КП 6131 КО Прилеп

чл.1

Општина Прилеп како корисник на градежно земјиште, утврдено во Имотниот лист бр.58049, издаден од страна на Агенција за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, заведен под бр.1105-13080/2017 од 29.05.2017, за КП 6131 КО Прилеп, со вкупна површина од 268 $м^2$, со оваа Одлука СЕ ОТКАЖУВА од корисничкото право над КП 6131 КО Прилеп.

чл.2

На Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, како надлежна институција, и се дава овластување да ја спроведе оваа Одлука, и истата Одлука претставува основ за бришење на корисничко право над земјиштето од чл.1 од оваа Одлука.

чл.3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

| | |
|---|---|
| Број 09-3086/68 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 10.09.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД КОРИСНИЧКО ПРАВО НАД КП 6134/1 КО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за откажување од корисничко право над КП 6134/1 КО Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-3088/68 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 10.09.2019 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на чл.36 ст. 1 т.10, како и чл.62 од Законот за локална самоуправа на РМ( СЛ.Весник на РМ бр.5/2002), како и врз основа на чл.26 ст.1 точка 33 како и чл.62 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.09.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за откажување од корисничко право над КП 6134/1 КО Прилеп

чл.1

Општина Прилеп како корисник на градежно земјиште, утврдено во Имотниот лист бр.58942, издаден од страна на Агенција за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, заведен под бр.1105-28020/2016 од 24.11.2016, за КП 6134/1 КО Прилеп, со вкупна површина од 81 $м^2$, со оваа Одлука СЕ ОТКАЖУВА од корисничкото право над КП 6134/1 КО Прилеп.

чл.2

На Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, како надлежна институција, и се дава овластување да ја спроведе оваа Одлука, и истата Одлука претставува основ за бришење на корисничко право над земјиштето од чл.1 од оваа Одлука.

чл.3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

| | |
|---|---|
| Број 09-3086/69 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 10.09.2019 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Миле Талевски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД КОРИСНИЧКО ПРАВО НАД КП 6326 КО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за откажување од корисничко право над КП 6326 КО Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-3088/69
10.09.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на чл.36 ст. 1 т.10, како и чл.62 од Законот за локална самоуправа на РМ( СЛ.Весник на РМ бр.5/2002), како и врз основа на чл.26 ст.1 точка 33 како и чл.62 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.09.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за откажување од корисничко право над КП 6326 КО Прилеп

чл.1

Општина Прилеп како корисник на градежно земјиште, утврдено во Имотниот лист бр.52585, издаден од страна на Агенција за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, заведен под бр.1105-20701/2018 од 03.10.2018, за КП 6326 КО Прилеп, со вкупна површина од 281 $м^2$, со оваа Одлука СЕ ОТКАЖУВА од корисничкото право над КП 6326 КО Прилеп.

чл.2

На Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Прилеп, како надлежна институција, и се дава овластување да ја спроведе оваа Одлука, и истата Одлука претставува основ за бришење на корисничко право над земјиштето од чл.1 од оваа Одлука.

чл.3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 09-3086/70
10.09.2019 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
м-р Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2019 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-3088/70 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 10.09.2019 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Илија Јованоски |

Врз основа на член 20, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16,64/18 И 168/18), член 22, став 1, точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр. 4/05 и 10/08), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 10.09.2019 год, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2019 година

**1. Вовед**

Годишната програма за изработка на урбанистичките планови на Општина Прилеп за 2019година која што опфаќа изработка и донесување на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, претставува основа за уредување и опремување на градежното земјиште.

Планирањето исто така е и основа за создавање на единствена реална функционална целина преку кое ќе се овозможи отворање на нови локации за :

- А Домување во станбени куќи и станбени згради
- Б Комерцијални и деловни намени
- В Јавни институции
- Г Производство, дистрибуција и сервиси
- Д Зеленило и рекреација
- Е Инфраструктура

Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на нов ГУП или измена и дополнување на постоечкиот
- Изработка на нови ДУП-ови или измена и дополнување на постоечкте
- Урбанистички планови за село
- Урбанистички планови вон населено место
- Локални урбанистички плански документации
- Проекти за инфраструктура

**2. Планирани активности**

**Урбанистичко планирање**

**I. Регулациски планови**
**II. Детални урбанистички планови**
**III. Урбанистички планови за село**
**IV. Урбанистичко планска документација**

**II. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

После точка 23 се додаваат 4 нови точки и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 24 | Детален урбанистички план за четврт 1,блок 1.1 | 3,51 ха |
| 25 | Детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.1 | 43.82 ха |
| 26 | Детален урбанистички план за четврт 3 , блок 3.4 | 9.66 ха |
| 27 | Детален урбанистички план за четврт 12 , блок 12.1 | 24,83 ха |
| | | **81,82ха** |

При изработка на УП за Четврт за граница на плански опфат да се земе границата на еден или повеќе блокови за детално планирање дефинирани во генералниот урбанистички план.

При измена и дополнување на ДУП се дозволува одредување на плански опфат чии граници се осовини на речни корита и улици од примарната или секундарната улична мрежа, кои се веќе дефинирани со постојна планска документација.

**IV. УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА И ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Се додава нов поднаслов „<u>УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО</u>“со една точка и тоа:

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО**

1. УПВНМ за изградба на Е2-комунална супраструктура, фабрика за биогас и сообраќајно регулирање на крстосницата со регионален пат Р1107, место викано ДУЈ ГАС, КО Ново Лагово, Општина Прилеп

**ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА**

После точка 26 се додава една точка, и тоа точка 27:

27. Проект за инфраструктура за ободен канал за атмосферски води во КО Варош, Општина Прилеп

**АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ:**
После точка 12 се додаваат три нови точки, точка 13, точка 14 и точка 15

13. АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ ВО ГП БР.53, ОД ДУП ЗА УЕ6, УБ6.01, ПЛАНСКИ ОПФАТ 1, ЗА ГИМНАЗИЈА МИРЧЕ АЦЕВ - ПРИЛЕПАРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПРЕПАРЦЕЛАЦИЈА И ФОРМИРАЊЕ НА НОВИ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ГП 168.1 И ГП 168.2 ОД ГП 168 ОД ДУП ЗА УАЕ 1, УБ 1.04, ОПШТИНА ПРИЛЕП
14. Архитектонско - урбанистички проект за изградба на стовариште (Г4) - фазна градба на Г.П. бр. 6, ДУП за УЕ бр. 2, УБ 2.02, плански опфат 2, КП бр. 5941/1, м.в. Точила, КО Варош, Општина Прилеп
15. Архитектонско - урбанистички проект за формирање на две градежни парцели од Г.П. бр. 35, УБ 1.04, УАЕ 1, на КП бр. 3394, м.в. Бакалица, КО Варош, Општина Прилеп

**3. Финансирање**

За финансирање по урбанистичките планови од програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Прилеп за 2018г и од страна на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината.

**4. Завршни одредби**

Во текот на годината во зависност од потребите , програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Врз основа на годишната програма за изработка на урбанистичките планови, Општината како нарачател на планот склучува договор за изработка на планови согласно Законот, со правни лица кои имаат овластување и лиценци за изработка на урбанистичките планови.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Прилеп,,

Број 09-3086/71
10.09.2019 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
м-р Миле Талевски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП 2014-2019 ГОДИНА**

1. Програмата за измена и дополнување на Програмата за спомен обележја на Општина Прилеп 2014-2019 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-3088/71
10.09.2019 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на чл.17 од Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата ("Сл. весник на Р Македонија" бр.66/2004 и бр.89/2008 ), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп (''Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008 ), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 10.09.2019 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП 2014-2019 ГОДИНА**

Програмата за спомен обележја на Општина Прилеп 2014-2019 година (''Службен гласник на Општина Прилеп" бр.2/2014) се дополнува и тоа:

**IV Заварување и реставрација на бронзена статуа од Димо Тодоровски „Споменик на стреланите борци од бугарскиот фашистички окупатор во село Дабница, Прилепско"**

Во **„Масакрот кај Дабница",** извршен на 19 септември 1942 година, од страна на бугарскиот фашистички окупатор, кај прилепското село Дабница, настрадале 18 лица.

Истовремено со битката на Мукос со чета од Партизанскиот одред „Димитар Влахов", на 14 септември 1942 година бугарските сили го блокирале и селото Дабница. Ги собрале селаните сред село и откако виделе дека никој не кажува за врските со партизаните, врзале 64 мажи од селото со ортоми и ги однеле во касарните во Прилеп. Таму тие биле измачувани, со боксови, газење, тепање со стап и коловски жила, бајонети под грло, горење под ноктите на рацете и нозете, гаснење на цигари по телото и друго. Од претепувањето и повредите нанесени за време на мачењето, уште во затворот починал еден од затворениците, селанецот **Сотир Дамески**.

На 18 септември од затворениците по список извлекле 19-мина, 12 од затворените селани од Дабница и 7 прилепчани, кои, следниот ден ги врзале со ортоми и, без да бидат судени, ги повеле на стрелање. На пат кон Дабница, по наредба на поручникот Иван Куцаров, затворениците се стрелани. Иако биле дополнително проверувани дали некој останал жив, еден од затворениците, **Петко Велкоски**, ранет и искрвавен, се притајува, го подзапира здивот и е фрлен меѓу мртвите другари. На крај, успева да се спаси, останатите не успеваат да се спасат и стрелани се:

- **Адем Мамут Адемоски**, роден во 1923 година, во Прилеп, по занимање опинчар. Рано се вклучил кон НОБ. Во неговата куќа се печателе партиски летоци;
- **Алекса Миланов Бешироски-Ставре**, роден во с.Дабница, земјоделец. Секретар на партиската ќелија во селото, член на Воениот комитет и комесар за снабдување на партизанскиот одред „Димитар Влахов";
- **Душан Перев Бешироски**, роден во 1909 година, во с.Дабница, земјоделец. За време на окупацијата активно ја помага НОБ и е еден од најактивните

во помошта на одредот „Димитар Влахов“;

- **Добре Цанев Јованоски**, роден во 1915 година во Прилеп. По занимање дипломиран правник. Во антифашистичкото движење работел од 1938 година. Член на КПЈ од пред војната;
- **Ордан Иванов Јованоски (Велкоски)**, роден во 1912 година во с.Дабница, земјоделец. Член на Воениот комитет на селото и еден од помошниците на комесарот за снабдување на одредот „Димитар Влахов“;
- **Тоде Орданов Кремчески**, роден во 1919 година во с.Дабница, по занимање земјоделец. Заменик на секретарот на Воениот комитет во селото;
- **Ордан Ѓорев Кузманоски**, роден во 1905 година во с.Дабница, земјоделец. Член на Воениот комитет на селото, помошник-комесар за снабдување;
- **Алексо Стеванов Мазгалоски (Шаламаноски)**, роден во 1913 година во с. Дабница, земјоделец. Член на КПЈ, претседател на Воениот комитет во селото;
- **Аце Димков Мрчески**, роден во 1925 година, во с.Дабница, ученик. Член на СКОЈ во Прилепската гимназија, секретар на Воениот комитет во селото, курир на одредот „Димитар Влахов“. Тој е првата жртва на фашизмот како член на СКОЈ;
- **Димко Тошев Мрчески**, роден во 1894 година во с.Дабница, земјоделец. Татко на Аце Мрчески. Како кметски намесник во селото ги извршува одлуките на партиската ќелија и на Воениот комитет, наредбите на окупаторот ги саботирал и не ги извршувал;
- **Гога Нунески,** роден во 1898 година во с.Дабница, а живеел во Прилеп, земјоделец. НОБ ја помага морално и материјално. Особено се истакнува во пренесување прехранбени и други артикли од градот во селото за потребите на одредот „Димитар Влахов“. Брат на Андон и Атанас Нунески;
- **Андон Нунески**, роден во 1904 година во с.Дабница, земјоделец. Член на Воениот комитет на селото и помошник-комесар за снабдување. Брат на Гога и Атанас Нунески;
- **Атанас Нунески**, роден во 1912 година во с.Дабница, земјоделец. Активно ја помага НОБ, а бил и кандидат за член на КПЈ. Брат на Гога и Андон Нунески;
- **Ордан Димков Паноски-Кабецот**, роден во 1922 година во Прилеп, по занимање чевлар. Во работничкото движење бил вклучен уште пред војната;
- **Андон Миланов Слабејкоски**, роден во 1917 година во Прилеп, по занимање бербер. Во НОБ се вклучил во 1941 година;
- **Сотир Ѓорев Сотироски-Џигиџик**, роден во 1919 година во Прилеп, по занимање работник. Активно бил вклучен во НОБ;
- **Киро Ѓорев Ќососки**, роден во 1919 година во Прилеп, по занимање кројач. Како активист во НОБ повеќепати бил затворан и интерниран.

- Услови – Проектот се однесува на заварување и реставрција на бронзентата статуа (постоечко спомен обележје) од авторот Димо Тодоровски – „Споменик на стреланите борци од бугарскиот фашистички окупатор во село Дабница, Прилепско“ .
- Проектот ќе се одвива во две фази:
  - Заварување и реставрација на бронзената статуа.
  - Калап и одливка на копија од статуата
- Како извор на финансирање на ова спомен-обележје е Буџетот на Општина Прилеп, донации, како и други извори.
- Рок на изработка и поставување на ова спомен-обележје е 2020 година.
- Одржување на скулптурата – Општина Прилеп.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Прилеп“.

**V Обнова на спомен обележје – спомен биста на Блаже Спиркоски-Воденски**

**Блаже Спиркоски – Воденски (1922-1942**), Берберот е роден во 1922 година во селото Крстец. Потекнува од семејството Пиргановци, кое било едно од побогатите семејства во селото. Во 1928 година со семејството се преселиле во Прилеп и купиле куќа во Тризла маало. Иако се запишал во прилепската

гимназија, Блаже набргу се откажал од учењето и почнал да го изучува берберскиот занает.

Како младо момче бил вклучен во синдикалното движење, во културното друштво „Абрашевиќ“ и во „Трезвената ложа“.

Во 1940 година станал член на КП и заради илегални активности, бил затворан и казнуван два пати по 15 дена во затвор.

Во првите денови на капитулацијата на Кралството Југославија раководи со група од 4 членови, во која покрај него делуваат и Милан Димоски, Драган Спиркоски и Душан Ристески, а имаат задача да го прибираат оружјето од магацините на прилепската касарна.

За време на окупацијата, неговата куќа во Прилеп, во Тризла маало, се користела како врталиште на прогресивната мадина во градот, а била дополнително користена и за прибирање на матерјално-технички средства, кои преку разни канали биле испраќани за Народното ослободително движење.

Блаже бил во составот на ударната група, која на 11ти Октомври ги испалила првите истрели кон полицискиот участак.

Во зимата 1941 година, за време на зимувањето на одредот, активно работи на формирање на нови воени комитети по селата, како и регрутирање на нови борци. Во февруари 1942 година, по одлука на МК и МВШ, Драган Дамевски организира испраќање на Сотир Ѓорѓиевски на партиска работа во с.Ропотово и околината и Блаже Спиркоски-Воденски со истата цел во с.Зрновци и околината.

Блаже во с.Зрновци, илегално престојувал во куќата на Трајко Стојкоски до мај 1942 година, од каде заминува во редовите на партизанскиот одред „Димитар Влахов“.

На 6ти септември 1942 година, за време на борбите со бугарската војска и полиција кај с.Смилковци, Блаже е ранет, а неговата чета разбиена.

Киро Бајрамче илегално го пренесува ранетиот Блаже во Прилеп, во куќата на Крстечаните на улица „Цар Крум“, во близина на Орта Џамија.

Утрото на 8ми септември 1942 година, куќата во која се наоѓале Блаже Спиркоски-Воденски, Киро Бајрамоски-Црне и Блага Рампова, била опколена од буарската полиција. Опколените успеале да се повлечат во соседната куќа, но набрзо бугарската полиција ја пали куќата. Блаже е убиен, а ранетите Киро и Блага се пренесени во полициското комесарство, од каде подоцна се префрлени во битолската болница, каде им се извршени успешни операции, но и покрај тоа, за да не биде сослушуван од бугарската полиција, Киро Бајрамче, намерно сам си ја растргнал раната и починал.

- Услови – Проектот се однесува на обнова на постоечко спомен обележје-спомен биста на Блаже Спиркоски-Воденски, поставена пред општествениот дом во населба Тризла и украдена, од кога стои и само постаментот со натпис .
- Како извор на финансирање на ова спомен-обележје е буџетот на општина Прилеп, донации, како и други извори.
- Рок на изработка и поставување на ова спомен-обележје е 2020 година.
- Одржување на скулптурата – Општина Прилеп.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Прилеп“.

Број 09-3086/72
10.09.2019 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
м-р Миле Талевски

**Општина Прилеп**
Локална самоуправа

**Municipality of Prilep**
Local government

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/2014, 42/2015, 44/2015,193/2015, 31/2016 ,163/2016,64/18 и 168/18), Комисијата за урбанизам од член 23, формирана од Градоначалникот на Општина Прилеп со Решение број 08-178/4 од 24.10.2018год и решение за изменување на Решението за формирање на комисијата за урбанизам на Општина Прилеп со бр. 08-2798/1 од 15.08.2019 год. ја донесува следната:

## ОДЛУКА
## За организирање на Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови

**член 1**

Со оваа одлука се организира **Јавен повик** согласно со член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/2014, 42/2015, 44/2015,193/2015, 31/2016,163/2016,64/2018 и 168/2018), во третиот квартал од 2019год.

**член 2**

**Соопшението** за организирање на Јавниот повик ќе биде објавено во дневен весник, на интернет страната на Општина Прилеп, www. prilep.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и преку објава во службеното гласило на општината.

**член 3**

**Јавниот повик ќе трае од** 16**.09.2019 до 15.10.2019од. – период од 30 ден** , сметано од објавата во јавните гласила од член 2 од оваа одлука.

**член 4**

**Предмет на јавниот повик е доставување на иницијативи** од сите заинтересирани физички и правни лица за изработка на нови Урбанистички планови, изменување и дополнување на постоечките Урбанистички планови или урбанистичко планска документација.

**член 5**

**Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2019год., како документација финансирана од подносителите правни или физички лица.

**член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во **"Службен гласник на Општина Прилеп"**

ГРАДОНАЧАЛНИК
На Општина Прилеп
Илија Јованоски

**СОДРЖИНА**
**на Службен гласник на Општина Прилеп број 13 од 10.09.2019 година**


1. Квартален Извештај за Извршување на Буџетот на Општина Прилеп за прв квартал од 2019 година.......................................................................................................................стр.2
2. Квартален Извештај за Извршување на Буџетот на Општина Прилеп за втор квартал од 2019 година.......................................................................................................................стр.23
3. Измени и дополнувања на Развојна Програма..........................................................................стр.49
4. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Прилеп за 2019 година..............................стр.51
5. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ЕЛС Општина Прилеп...............................................................................................................стр.72
6. Одлука за кофинансирање во имплементацијата на проектот „Означување на културни и природни знаменитости во руралните средини во Пелагонискиот регион“......................стр.73
7. Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај на приходи и торшоци на ЈКП ,,Водовод и канализација ’’-Прилеп за период од 01.04.2019 година до 30.06.2019 година.......................................................................................................................стр.74
8. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ЈКП ,,Водовод и канализација’’-Прилеп..................................................................................стр.74
9. Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Пазари’’-Прилеп за период од 01.04.2019 година до 30.06.2019 година...........................стр.75
10. Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп за период од 01.04.2019 година до 30.06.2019 година..................................стр.76
11. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ЈП за ПУП Прилеп.......................................................................................................................стр.76
12. Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник’’-Прилеп за период од 01.04.2019 до 30.06.2019 година.......................................................................................................................стр.77
13. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ ,,Наша иднина’’Прилеп.......................................................стр.77
14. Решение за разрешување и именување на член во Управниот одбор на ЈКП,,Комуналец’’Прилеп.......................................................................................................стр.78
15. Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Општина Прилеп.......................................................................................................................стр.97
16. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООУ “Блаже Конески”- Прилеп, за учебната 2018/2019 година...........................................................................................стр.97
17. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ “Блаже Конески”- Прилеп, за учебната 2019/2020 година...........................................................................................стр.98
18. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ООУ “Блаже Конески”- Прилеп.........................................................................................стр.99
19. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООУ “Добре Јованоски”- Прилеп, за учебната 2018/2019 година...........................................................................................стр.99
20. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ “Добре Јованоски”- Прилеп, за учебната 2019/2020 година...........................................................................................стр.100
21. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ООУ “Добре Јованоски”- Прилеп.........................................................................................стр.101
22. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООУ „Кире Гаврилоски-Јане“- Прилеп, за учебната 2018/2019 година.............................................................................стр.101
23. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Кире Гаврилоски-Јане“- Прилеп, за учебната 2019/2020 година.............................................................................стр.102
24. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ООУ „Кире Гаврилоски-Јане“- Прилеп...............................................................................стр.102
25. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“-Прилеп, за учебната 2018/2019 година.............................................................................стр.103
26. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Климент Охридски“-Прилеп, за учебната 2019/2020 година...........................................................................................стр.103
27. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ООУ „Климент Охридски“-Прилеп.....................................................................................стр.104

28. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООУ “Кирил и Методиј”с.Канатларци- Прилеп, за учебната 2018/2019 година..........................................стр.105
29. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ “Кирил и Методиј”с.Канатларци-Прилеп, за учебната 2019/2020 година.............................................................................стр.106
30. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ООУ “Кирил и Методиј”с.Канатларци- Прилеп........................................................................стр.106
31. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООУ “Рампо Левката”- Прилеп, за учебната 2018/2019 година.......................................................................................стр.107
32. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ “Рампо Левката”- Прилеп, за учебната 2019/2020 година........................................................................................стр.107
33. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ООУ “Рампо Левката”- Прилеп........................................................................................стр.108
34. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООУ “Гоце Делчев”- Прилеп, за учебната 2018/2019 година.........................................................................................стр.109
35. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ “Гоце Делчев”- Прилеп, за учебната 2019/2020 година........................................................................................стр.110
36. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ООУ “Гоце Делчев”- Прилеп.........................................................................................стр.110
37. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООУ “Кочо Рацин”- Прилеп, за учебната 2018/2019 година......................................................................................стр.111
38. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ “Кочо Рацин”- Прилеп, за учебната 2019/2020 година......................................................................................стр.111
39. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ООУ “Кочо Рацин”- Прилеп............................................................................................................стр.112
40. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООУ „Круме Волнароски“ с.Тополчани-Прилеп, за учебната 2018/2019 година...........................................................стр.112
41. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Круме Волнароски“с.Тополчани-Прилеп, за учебната 2019/2020 година...................................................................стр.113
42. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ООУ „Круме Волнароски“с.Тополчани-Прилеп.........................................................................стр.113
43. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“-с.Мало Коњари-Прилеп, за учебната 2018/2019 година..................................................................стр.114
44. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур“-с.Мало Коњари-Прилеп, за учебната 2019/2020 година....................................................................стр.114
45. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ООУ „Страшо Пинџур“-с.Мало Коњари-Прилеп.........................................................................стр.115
46. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ООМУ “Ордан Михајлоски - Оцка”-Прилеп, за учебната 2018/2019 година.............................................................................стр.115
47. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООМУ “Ордан Михајлоски - Оцка”-Прилеп, за учебната 2019/2020 година...............................................................................стр.116
48. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на ООМУ “Ордан Михајлоски - Оцка”- Прилеп....................................................................стр.117
49. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на СОУ Гимназија “Мирче Ацев”-Прилеп, за учебната 2018/2019 година...............................................................................стр.117
50. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ Гимназија “Мирче Ацев”-Прилеп, за учебната 2019/2020 година..............................................................................стр.118
51. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на СОУ Гимназија “Мирче Ацев”- Прилеп......................................................................................стр.118
52. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на СОУ „Ристе Ристески Ричко“-Прилеп, за учебната 2018/2019 година...................................................................................стр.119
53. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Ристе Ристески Ричко“- Прилеп, за учебната 2019/2020 година............................................................................стр.119
54. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на СОУ „Ристе Ристески Ричко“- Прилеп..........................................................................................стр.119
55. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на СОУ “Орде Чопела”- Прилеп, за учебната 2018/2019 година..........................................................................................стр.120

56. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ "Орде Чопела"- Прилеп, за учебната 2019/2020 година.......................................................................................стр120
57. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на СОУ "Орде Чопела"- Прилеп..............................................................................................................стр.121
58. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на СОУ „Ѓорче Петров"- Прилеп, за учебната 2018/2019 година.......................................................................................стр.121
59. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Ѓорче Петров"- Прилеп, за учебната 2019/2020 година.......................................................................................стр.122
60. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на СОУ „Ѓорче Петров"- Прилеп.............................................................................................стр.122
61. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу"- Прилеп, за учебната 2018/2019 година...................................................................................стр.123
62. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу"- Прилеп, за учебната 2019/2020 година.................................................................................стр.124
63. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2020 година, на СОЕПТУ „Кузман Јосифоски-Питу"-Прилеп.......................................................................................стр.124
64. Одлука за донесување на Детален Урбанистички план за четврт 2,блок 2.3, Општина Прилеп,плански период 2018-2023......................................................................................стр.125
65. Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Прилеп за 2019 година...................................................................стр.130
66. Одлука за откажување од кориснички право над КП 6130 КО Прилеп...............................стр.140
67. Одлука за откажување од кориснички право над КП 6131 КО Прилеп................................стр.141
68. Одлука за откажување од кориснички право над КП 6134/1 КО Прилеп.............................стр.141
69. Одлука за откажување од кориснички право над КП 6326 КО Прилеп................................стр.142
70. Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2019 година............................................................стр.143
71. Програма за измена и дополнување на Програмата за спомен обележја на Општина Прилеп 2014-2019 година..............................................................................................................стр.146

ИЗДАВА : Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Илија Јованоски -Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци